Утрински Весник

Број 2977 вторник, 05 мај 2009





nextsense WebBuilder
Почни со „Утрински“
XML
sitemeter

Мислења

SHARE



12 C




Најчитани 10 во 10 дена

ГЛОБУС ON-LINE

Контрапункт

## Десет причини против црквата на плоштадот



Никола Гелевски

**Со крутите и анахрони урбанистички и културно-идентитетски политики, Владата прави многу повеќе штета отколку корист**

1. Нема пари. За нормална власт, во олку лоша економска ситуација, тоа е доволна причина.

2. Не е приоритет. Дури и ако некој мисли дека во сферата на симболичкото лежат главните политички приоритети, еве поразумен предлог: завршување на Камениот мост (главниот симбол на Скопје 15 години е раскопан); а заедно со Камениот мост, може да се среди и плоштадот од таа страна на Вардар; така граѓаните ќе добијат црква на плоштад, постојната „Свети Димитрија“; излишно е да се зборува дека тој гест ќе ја зајакне мултикултурноста на градот и ќе го намали чувството на гетоизираност, кое доминира со цели огромни делови на Скопје. Башка, сериозното вложување пари во Старата чаршија може тој дел од центарот да го направи главна туристичка атракција и генератор на пари. Сите важни културни и урбанистички политики внимаваат на тој момент. Симболичкото не само што обединува или идентификува, туку носи пари. Тој неверојатен подем на некогашниот сектор на услуги на Запад денес се нарекува: креативни индустрии. Чаршијата е идеален градски кварт за еден таков амбициозен државно-локален потфат. За таков проект ќе се најдат и странски финансиери. Политичката полза која од тоа ќе ја извлечат ДПМНЕ, ДУИ и новиот скопски градоначалник ќе биде непроценлива.

3. Изградбата на црква на плоштад не е во функција на развој на централното градско подрачје, најважното (симболичко и стопанско) градско подрачје во Република Македонија.

4. Црквата многу тешко ќе се заврши, особено покрај толкуте започнати крупни нестопански проекти. Иако треба да се повтори: добрите политики знаат да прават големи пари и од културни проекти и од храбри урбанистички потези. За жал, објектите кои ги гради сегашната Влада не се во функција ниту на градскиот развој ниту имаат економска смисла. Со затворената патека на кејот, со најавите за градење хотели пред „Телеком“ и со започнатата црква сред плоштад, центарот ќе се опустоши најмалку четири-пет години; гледајќи го искуството со Камениот мост, можно е центарот да биде

раскопан десет или дваесет години.

5. Локацијата не е соодветна. Старата црква „Св. Константин и Елена“ била поблиску до Паркот на жената отколку до плоштадот.

6. Државното градење православна црква го нарушува секуларниот карактер на општеството.

7. Се нарушува и мошне деликатниот за штелување мултикултурен баланс на градот (па и на државата), што веројатно е главно обележје на Скопје.

8. Испраќа лош сигнал за природата на државата, за нејзиното чувство за рационалност, приоритети и толеранција.

9. Современите одговорни политики на Запад го критикуваат преовладувањето на економскиот момент и инсистираат на таканаречениот трикратен биланс (triple bottom line), принцип кој економскиот успех не го оценува само низ финансиите туку и низ општествените и еколошките критериуми. Нашата Влада сосема ги игнорира сите моменти од трикратниот биланс, а најмногу - што е најсмешно - токму економскиот момент.

10. Последниве триесетина години нагласено се менуваат значењата на идентитетите. Во нашата современост различни видови на политиките на идентитетот направија голем пробој во јавната сфера; денес за важни граѓански и јавни вредности се сметаат нешта кои до пред само педесетина години се сметаа за приватни: полот (женските права, на пример); сексуалната определба (правата на хомосексуалците, транссексуалците итн.); старосната доба (правата на децата, на младите, на старите); малцинските групи од сите видови (етнички, верски, културни и други). Нашата власт ги игнорира сите тие важни западни демократски исчекори (а притоа декларативно и демагошки се залага за брз прием на нашата земја во ЕУ) и форсира сосема застарена политика на идентитетот, која патем создава конфликти. Наместо општеството да го прави помеко, потолерантно и пообединувачко, со ваквите крути и анахрони урбанистички и културно-идентитетски политики Владата прави многу повеќе штета отколку корист. Дури и да е искрена во намерата да го помогне првенствено православието во земјава, постојат десетици неспоредливо подобри, подостоинствени, поодговорни и политички поразумни начини да се стори тоа.

Од друга страна, нагласениот развој на новите општествени идентитети има важни економски димензии во градот, поврзан е со развојот на кафеата, ресторанните, баровите, со ноќниот живот, со туризмот... Плурализмот на животните стилови има голема врска со услужната потрошувачка практика. И затоа, меѓу другото, прашањето на идентитетите е важно економско и урбано прашање. Некогашниот монолитен и моноцентричен национален идентитет како преовладувачки профил на големите западни градови сосема е напуштен во име на многубројните сцени и значења, на многубројните идентитети кои на градот му нудат не само културно шаренило, туку и голем економски потенцијал. Можеби токму поради тој економски момент, впрочем, и се напуштаат крутите идентитетски модели, слично како што не можат да опстанат ни затворените национални економии...

Да заклучам: во новото време, повеќе од кога било порано, изградбата или обновувањето на градската панорама нема само физички или економски аспекти, туку и општествени,

културни и политички. Игнорирањето на тој факт скапо ќе ги чини и неуките владетели и нивните поданици.

(Авторот е издавач)

Статијата е прочитана 2323 пати.

**Испрати коментар**

Од: Makedonec vo EU

Датум: 05.05.2009 00:36:40

Sledna pricina e nasilstvoto so koe se gradi crkvata. Теpanje studenti, navredi od sekakov vid kon site sto se protiv, pritisoci vrz Ustavniot Sud, mesanje na crkvata vo drzavata, itn. Tesko na onie na koi im treba takva crkva.

Од: Миле

Датум: 05.05.2009 00:48:03

Антимакедонскиот памфлет, можеби, е твоја лична фрустрација. Секако го пчитувам правото да го напишеш. Сепак, твојот обид во континуитет да го проблематизираш идентитетот на е потикнување на национална омраза, наликува на шовинизам и те доближува до идеите на Кољо Дијамантот, Вранишкоски и слични македономрзци.

Од: risto mackovski

Датум: 05.05.2009 00:49:49

zamislejte vodenesnite uslovi denesnata demokratija pobaraat da napravat site verski zaednici i verski sekti crkvi i djamii na plostad sto ke se sluci.nie imame pravoslavna mamkedonska,pravoslavna srpska na nasite srbi ,pravoslavna bugarska namakedoncite so bugarski pasosi ,katolicka ,adventistickai drugi pa po toa site vrsti na muslimanski i dr..???????

Од: 1 kontrapricina

Датум: 05.05.2009 01:01:21

ako ne se izgradi crkva na plostad, ke dojde SDSM i ke go prodade na nekoj turcin za 5evra po kvadrat vo 4 oci. so izgradbata ke se popolni praznina i nema da ima tinexi ili trgovski tamu.

Од: Маркос

Датум: 05.05.2009 01:15:52

На авторот, г. Гелевски, му предлагам преформулација на точ. 6, така да гласи: „Државното градење православна црква ОПАСНО ПРОДОЛЖУВА да го нарушува секуларниот карактер на општеството.„ Мислам на фактот да и' е - со „милениумскиот крст„ на Водно - на секуларноста во Македонија зададен сериозен удар од тогашната ВМРО-вска власт. А сегашната ВМРО-вска, за жал помогната од ДУИ, во штеточинството очигледно нејќе да заостане по претходната.

Од: Itar Pejo

Датум: 05.05.2009 01:16:21

Ima i eden argument za! Ako crkvata se izgradi so dobra akustika ce moze da se adaptira vo diskoteka. Kako sto toa sega se pravi na Zapad.

Од: Stara skopjanka

Датум: 05.05.2009 01:17:26

Pokraj toa sto ne e vreme, vo ovoa "nevreme", da se frlaat pari za gradenje na uste edna crkva, gospod Bog, vo cie ime kako da se kolnat onie sto zapnale za nejzinata gradba, ne bi bil zadovolen da mu se gradi Hram, ZA INAT! Dedo Boze, kako go vikavme nie decata bas vo crkvata za koja e zbor, ke bide pozadovomen ako tie sretstva otidat za nekoe dobrpotvorno delo. A takvi , ima polno ; od sirotinski domovi i menzi za bezdomnoci , popravka na ulicite, preureduvanje na bolnicite i t. n. t. n...pred sé niko do sega neznaese da kaze deka crkvata koja starite skopjani ja viaa "Eledin -Kostadin", ne bese niti na plostadot, niti kon "Zena Borec", tuku dlaboko vo trgovskiot centar, poveke nakaj kejot. poglednete nekoja stara fotografija od NASETO Skopje...I na kraj, za onie koi se zainatile da ja "obnovuvaat",neka znaat deka nivnoto inatenje i nasilnistvo, NEMA DA IM DONESE, NITI USPEH,NTI SREKJA NITI BLAGOS LOV OD BOGA I NARODOT!

Од: Вмровчиште

Датум: 05.05.2009 02:53:52

5 причини иницијатива Коља да одмори од колумнистички ангажман 1. Нема што повеќе да каже. 2. Неговиот антинационализам премина во хистеричен антимакедонизам. 3. Застапуваше морална руина како Фрчкоски, што еден интелектуалец со интегритет не смее да си го дозволи 4. Не нуди никакви решенија, т.е. нуди некакви но несоодветни според условите 5. 10 години да пишуваш колумни а да те знаат заради лик од цртаната хумористична серија говори дека не си бил најуспешен во таа работа.

Од: Olivera

Датум: 05.05.2009 03:15:28

Hahaha, ma dovolno e samo da se procita prvata pricina i se e jasno :) Bravo

Од: Gastarbajter

Датум: 05.05.2009 03:46:00

Se lazes vo uvodnikot majstore: naprotiv, vladata pravi poveke korist, no za sopstveniot dzeb. Pere pari. Razmisli malku za ova.

Од: tozo.new jersey USA

Датум: 05.05.2009 05:21:43

Niedna pricina ne drzi i ostavete da se izgradi crkvata i narodot da se moli na boga i poblisku da bidi do nego.Gospot da ja blagoslovi Makedonija i Makedonskata pravoslavna crkva i nejzinite vernici.

Од: Tatoo

Датум: 05.05.2009 08:06:16

Odlicen komentar. Na crkvata i e mesto vo parkot na zenata. Od druga strana se prasuvam dali sive ovie godini ne pravime skvernavenje na svetoto mesto kade bese starata crkva Sv.Elena i Kostadin? So godini gazime po toa sveto mesto. Sega nekoi golemi "makedonci" kako Mile na primer, koi voopsto i ne znaat kako izgledalo staroto Skopje, sirat defetizam i omraza kon onie koi razlicno no pravilno razmisluvaat . Ako veke gi gradime starite zdanija na nekogasno Skopje, pa barem da gi izgradime na mesto kade porano bile. Za ova treba i crkvata da e inicijator.

Од: Petre

Датум: 05.05.2009 08:38:38

gradbite na plostadot, kako staronovata crkva, djamijata, ama i dosta drugi sto niknaa preku nok ke imat strateska, odbranbena vaznost; tie ke se izgradat po postavuvanjeto na monumentalnite spomenici, taka deka po toa nema da bide mozno tehnicki na bilo koja ldna pro-grcka ili pro-bugarska vlada da gi Trgne od plostadot golemite spomenici na Aleksandar, Goce i drugi...

Од: Donald Duck

Датум: 05.05.2009 08:58:36

Vo zemja so 51% polupismeno naselenie, kade maladata populacija e bukvalno getoizirana (75% od populacijata na vozrast od 20-25 godini ne mrdnala od MKD), normalno e da se gradi crkva na plostad. Takva populacija glasa za vakvi ruralni politicati. Namesto vo 21 vek da se dvizime kon opsto prifatlivi civilizaciski normi (sekularnost), nie se dvizime kon teokracija, koja vo evropa e izumrena povekje od 200 godini. I posle evropa ni bila kriva.....

Од: Kriticar

Датум: 05.05.2009 09:36:04

Odlicna kolumna (!) potkrepena so argumenti i alternatvi kako na pr. pod tocka broj dva: завршување на Камениот мост,.. да се среди плоштадот од таа страна на Вардар,..вложување пари во Старата чаршија... Toa se povazni prioriteti za ako sakaat vlastite se razbira da napravat nesto podobro za skopje - туристичка атракција...

Од: seuste kulturen

Датум: 05.05.2009 09:37:00

Bravo Koljo ova bolesnive Juce majstori mora covek da gi promucka da funkcioniraat. Nema so sila ubavina budaletinki ni zaedni. Aj uste malku i ke kurtulime od vas, ama sto posle koj ke ja plati cenata na ovie gluposti. Baska krebili gradonacalnici vo celo Skopje, pa Djole koj veke se mumificira. Lelee, so praime, aj use po edno spomenice pa ke vidime!

Од: Лавица

Датум: 05.05.2009 09:48:51

Овој тип е болен и треба да се лекува. Толку негативна енергија во секоја негова статија не е нормално. Уште почудно ми е зошто Утрински упорно ги објавува сите негови глупости. Толку ли нема некој да им напише нешто поинтересно за читање? Црн бумбар!

Од: Igor Jovanoski

Датум: 05.05.2009 10:09:29

Prekrasna, suptilna analiza Kolja, so sociloshko cuvstvo za prostor i vreme i znacenjeto na identitetite vo sovremenoto ziveenje. Identitetite se mnoguslojni I mnoguznacni a javnite politiki, osobeno vo urbanite centri, obrnuvaat osobeno vnimanie na nivniot razvoj I neguvanje. Dobro estetsko menadziranje na prostorot I sloboda za izraz na razlicnite identiteti e formula za kreativno ziveenje vo racionalnite opstestva. Za zal, konceptot na identitet kaj nas najcesto se razbira preku etno-nacionalna dimenzija, na shteta na rodovata, seksualnata, politickata, gragjanskata pa I religioznata dimenzija. Za zal, povtorno ke kazam, akcentiranjeto na prvata na smetka na site ostanati kreira dlaboki opstestveni podelbi cie neuko menadziranje, se plasham, prekapo ke ne cini.

Од: jas

Датум: 05.05.2009 10:12:07

Леле колку се трудеш во твојте колумни да ги оспореш сите проекти на Владата...па тоа не е нормално...дај кази бар еден добар проект на оваа Влада...сигурно има бар еден....инаку ...

Од: Kvazi-ktitor

Датум: 05.05.2009 10:24:28

Ристо Гуштеров, со свои пари, изгради велелепна црква во Радовиш! Трифун Костовски, со свои пари, ја изгради црквата „Света Богородица“ во Скопје! Тоа се вистински, чесни и достоинствени ктитори! А, самобендисаниот „верник“ и „политичар“ се заинатил и сака, по секоја цена, да гради црква, на Плоштадот „Македонија“ во Скопје, со народни пари!? При тоа, не го прашува народот дали има што да јаде, каде да спие, дали има работа, како да ги прехрани и школува своите деца! Таково однесување е карактеристично за деспотите од средниот век! А, со вакви „водачи“ Македонија нема ама баш никакви шанси за влез во ЕУ!

Од: Ози

Датум: 05.05.2009 11:50:50

И како и секогаш, интелигентните ја дискутираат статијата а оние со попречен интелектуален развој, авторот. Извини Лавице.

Од: b

Датум: 05.05.2009 12:53:33

Лавицата дава лекарски дијагнози. А таа да појде до некој подобар психијатар.

Од: do lavicata

Датум: 05.05.2009 13:02:19

Лавице, јас мислам за да ја сочуваме твојата позитивна енергија и за да не ни се разболиш ти, причувај се, па не ми читај секакви статии, тие не се за нормални мозоци како твојов, туку за некои поинакви, понапредни, свртени кон иднината, кои читаат аргументи, кои ја познаваат

историјата, кои шетале низ Европа, кои понешто слушнале за таканаречени човекови права, морал и етика , за модернизам, за секуларност и слични глупости. Затоа не се нервирај и не ги троши кликнувањата на Утрински и на Кољо, имаш други www.v...com.mk да не ги сега именувам, еве јас нив бидејќи ич не ги разбирам, ич не ги ни отворам, си штедам душа.

Од: SVET-LANA

Датум: 05.05.2009 13:58:00

Bravo za avtorot, znaeme site zosto insistiraat grujo i stevo da se gradi crkva, inaku niv gi ZABOLE za crkvata i verata, tuku nekoja para da si isperat, dodeka ima uste ovci

Од: billy

Датум: 05.05.2009 14:37:01

абе битно она си глеа бумбар на сител и се си знае :D

Од: Симба

Датум: 05.05.2009 16:57:35

Ех, лавице, да си поблизу, па да те грицне Никос за увце! Онака, само за да ти обели бумбарот! Ни ти не си нешто многу интересна! Дури си и страшно провидно досадна! За да ти стане поинтересно прочитај го (најверојатно до сега научи) и ова парче од македонската историја: http://www.noitikiantistasis.com /wordpress/?m=200808

Од: Komentator

Датум: 05.05.2009 17:00:19

A jas ke dodam uste eden "argument" da go nadopolnam "Pejo"...Ako izgradime crkva na plostad ...vo najskoro vreme po pravila na igrata vo multietka ..ke dobieme i damija ..Aj..sto ke bide toa akustika. ma ne akustika... nitu filharmonija nema da ni bide ravna...Na polstad ke odime so cepcinja za usi ..neznas od kade pogolema "akustika " od barovi i kafici od kade tresti muzika...kamenite ploci se tresat od toa..pa minare i kambana kako slag na torta ...ke ni bide veselo kako da imame teroristicki napad...!!!

Од: Predrag Terzioski

Датум: 05.05.2009 17:22:37

Kaj e be Kolja drugarti Aco Depresija da kaze nesto, narocito po tockite od estetski aspek za koj sto e nali ,pokompetenten. E moj Kolja sve si poosamen i poosamen, inace sve se slagam so tebe i za toa netreba negoja golema pamet. I plus edna pricina koja e cisto ekoloska gradjanite od moja zgrada to est "11 oktomvri br.2"nema da dozvolat kambanata da im bie na odalecenos pomala od 10 metri od nivnite prozorci.Nema da pomine i tocka.

Од: ПРИЈАТЕЛ НА ШУТРАЦИТЕ

Датум: 05.05.2009 17:30:12

Авторот на текстот некако делува претенциозно од причини што своите десет причини ги преставува како

десет заповести на Мојсије како предуслов за подобар живот.Јас на пример сум за полова еднаквост но од естетска страна.Нее на одмет да имаш во владата убави министерки како што се практицира во Италија и Франција.Кај нас сем Г-ѓа Ганка се другото е како да се попариле со врела вода тоа се однесува за сите влади да небидам погрешно разбран.Ова нека биде 11 причина,тука сме многу назад за разлика од Европа.До коментаторите на написов не викајте доктори се ова е една добра забава.До господинот b сменетего логото затоа што b=ш дај нешто поинветивно.

htt@ool
EXPLORINGMACEDONIA.COM
НАЦИОНАЛЕН ПОРТАЛ ЗА ТУРИЗАМ
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
TeleKabel

ул.Димитрие Чупоски бр.11/5. 1000 Скопје тел 3236 900; факс 3236901 e-mail: contact@utrinski.com.mk